Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), а во врска со Одлуката за измена на Одлуката за избор на модел на управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство, негово идно работење и начинот на финансирање со арх.бр.02-148/7 донесена од Советот за развој на Вардарски плански регион на седницата одржана на ден 24.12.2025 година, и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ 01/26),

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден _.04.2026 година донесе,

# ОДЛУКА
## за изменување на Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален Центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар-Шепа Кавадарци

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален Центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар-Шепа Кавадарци со бр.25-4864/21 од 28.11.2023 година донесена од Советот на Општина Велес.

### Член 2

Член 8 став 1 алинеја 2 се менува и гласи:

„Од Буџетите на општините основачи на заедничкото претпријатие СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци на начин што секоја од општините ќе исплаќа поединечен надомест кој што се однесува на фиксни оперативни трошоци кој што ќе се врши квартално на секои 3 месеци. Средствата за секоја општина се утврдува согласно бројот на жители, односно врз основа на Модел за управување и организациона поставеност на прифатилиштето на регионално ниво бр.08-19/3 од 17.01.2023 и Одлука за измена на Одлуката за избор на модел за управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство, негово идно работење и начинот на финансирање бр.02-148/7 од 24.12.2025 година,

донесена од страна на Советот за развој на Вардарски плански регион со што на годишно ниво изнесуваат:

- Општина Велес - 4.846.300,00 денари
- Опшина Кавадарци - 3.573.300,00 денари
- Општина Неготино - 1.819.400,00 денари
- Општина Свети Николе - 1.532.000,00
- Општина Демир Капија – 377.700,00 денари
- Општина Чашка – 794.200,00 денари
- Општина Градско – 323.300,00 денари
- Општина Лозово - 226.400,00 денари
- Општина Росоман - 379.600,00 денари

Одлуката во останатиот дел останува непроменета.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Од страна на Регионален Центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар-Шепа Кавадарци доставено е барање бр.02-77/3 од 24.03.2026 година (заведено со арх.бр.09-1603/1 од 24.03.2026 година) со прилог Одлука бр.02-148/7 од 24.12.2026 година за измена на Одлуката за избор на модел за управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство, негово идно работење бр.08-19/3 од 17.01.2023 година со која се менува член 3 став 2 и измената се однесува на висината на финансиските средства кои секоја општина ги исплаќа на Регионален Центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство Стационар-Шепа Кавадарци.

Поради горенаведеното се предлага Советот на Општина Велес да ја донесе оваа одлука.

Заедничко јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство
СТАЦИОНАР - ШЕПА
Бр. 02-77/3
24.03 2026 год.
КАВАДАРЦИ

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____
____ 20 ___ год.
Потпис, ____

До Општина Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Примено: | 24-03-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност: |
| 09- | 1603/1 | 2 | |

ПОДНОСИТЕЛ: ЗЈП Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци

**Б А Р А Њ Е**

Почитувани,

Со Одлука за измена на Одлука за избор на модел за управување со Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство бр.02-148/7 од 24.12.2025 година донесена од страна на Совет за развој на Вардарски плански регион се зголемија фиксните оперативни трошоци кои општините основачи треба да ги даваат на годишно ниво за непречено функционирање на ЗЈП. Исто така и Советите на општините основачи на ова ЗЈП, во месец Јануари - Февруари 2026 година го усвоија Буџетот и финансискиот план на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2026 година со зголемени оператвини трошоци. Поради горенаведените причини потребно е да извршите измена и дополнување на Одлуката за основање на ЗЈП Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци, конкретно член 8 став 1 алинеја 2, како и да се направи Анекс на Договорот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу договорните страни преку основање на ЗЈП Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци, конкретно член 5.

По усвојување на овие акти Ве замолувам истите да ги доставете до нас, со оглед на тоа дека во месец Април 2026 година доспева првиот квартал за оваа година.

Во прилог:

- Д О Г О В О Р за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу договорните страни преку основање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР –ШЕПА Кавадарци

- АНЕКС БР 1 КОН Д О Г О В О Р за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу договорните страни преку основање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР –ШЕПА Кавадарци

Ви благодарам на соработката

Со почит,

ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА
Кавадарци
В.Д Директор Снежана Гинева

Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
бр. 02-148/7
24.12.2025 год
ВЕЛЕС

Центар за развој
на вардарски плански регион
Center for development
of Vardar planning region

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 9 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник Службен весник на РСМ бр. 24/2021 и 174/2021 и 241/2024), член 3 став 1 алинеја 13 од Деловникот за работа на Советот за развој на Вардарски плански регион Советот за развој на Вардарски плански регион, на седницата одржана на ден 24.12.20.. година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за измена на Одлуката**
за избор на модел за управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство, негово идно работење и начинот на финансирање

**Член 1**

Се менува член 3, став 2 од основната Одлука за избор на модел за управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство негово идно работење и начинот на финансирање и гласи:

Средствата за секоја општина се утврдува согласно бројот на жители, односно основа на Модел за управување и организациона поставеност на прифатилиштата на регионално ниво дел. бр.08-19/3 од 17.01.2023 година, со што на годишно ниво б... изнесувала:

- Општина Велес – 4.846.300,00 денари;
- Општина Кавадарци – 3.573.300,00 денари;
- Општина Неготино – 1.819.400,00 денари;
- Општина Свети Николе – 1.532.000,00 денари;
- Општина – Демир Капија – 377.700,00 денари;
- Општина – Чашка – 794.200,00 денари;
- Општина Градско – 323.300,00 денари;
- Општина Лозово – 226.400,00 денари;
- Општина Росоман – 379.600,00 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила нареден ден од денот на нејзиното донесување.

Совет за развој на Вардарски плански регион
Претседател
Киро Нацков

Центар за развој на вардарски плански регион – Велес
Ул.Шефки Сали бр.4, 1400 Велес
Тел 043/...

## ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ :

**1.Општина Росоман**, со седиште на ул.„Пролетерска" бр.1а Росоман со ЕДБ 4011004124371 и ЕМБС 6004458, претставувана од Градоначалникот на Општината Ѓорѓи Крстевски

**2.Општина Велес** со седиште на ул."Панко Брашнар" бр.1 Велес, со ЕДБ 4004004117638 и ЕМБС 6017282, претставувана од Градоначалникот на Општината Марко Колев

**3.Општина Кавадарци** со седиште на "Плоштад Маршал Тито" бр.2 Кавадарци, со ЕДБ 4011004124215 и ЕМБС 5995965, претставувана од Градоначалникот на Општината д-р Митко Јанчев

**4.Општина Неготино** со седиште на ул,,Ацо Аџи Илов ,, бр.2 во Неготино со ЕДБ 4019004110525 и ЕМБС 6021778, претставувана од Градоначалникот на Општината Марија Нацева

**5.Општина Свети Николе** со седиште на "Плоштад Илинден" бб Кавадарци, со ЕДБ 4025005108702 и ЕМБС 55996830, претставувана од Градоначалникот на Општината Дејан Владев

**6. Општина Чашка** со седиште на ул.,,Илинденска" бр.8 Чашка, со ЕДБ 4004004117654 и ЕМБС 6008488, претставувана од Градоначалникот на Општината Суат Шаќиров

**7. Општина Демир Капија**, со седиште на "11ти Октомври" бб Демир Капија, со ЕДБ 4019004110290 и ЕМБС 6000851, претставувана од Градоначалникот на Општината Наталија Димитриева

**8. Општина Градско**, со седиште на ул.,,Маршал Тито" бр.70-А Градско, со ЕДБ 4004004117487 и ЕМБС 6003796, претставувана од Градоначалникот на Општината Киро Нацков

**9. Општина Лозово**, со седиште на ул.,,Маршал Тито" бб Лозово, со ЕДБ 4025005108710 и ЕМБС6008976, претставувана од Градоначалникот на Општината Бошко Цветковски

го склучија следниот,

**<u>Анекс бр.1 на</u>**

## ДОГОВОР

**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу договорните страни преку основање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР –ШЕПА Кавадарци**

### Член 1

Со овој Анекс се менува член 5 и гласи:

,, За воспоставената меѓуопштинска соработка секоја општина потписничка на овој договор има обврска да исплаќа поединечен надомест кој што се однесува на фиксни оперативни трошоци кој што ќе се врши квартално на секои 3 месеци. Средствата за секоја општина се утврдува согласно бројот на жители,односно врз основа на Одлука за измена на Одлуката за избор на модел за управување со Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство бр. 02-148/7 од 24.12.2025 година донесена од страна на Совет за развој на Вардарски плански регион со што на годишно ниво изнесуваат:

- Општина Велес - 4.846.300,оо денари
- Опшина Кавадарци – 3.573.300,оо денари
- Општина Неготино – 1.819.400,оо денари
- Општина Свети Николе – 1.532.000,оо денари
- Општина Демир Капија – 377.700,оо денари
- Општина Чашка – 794.200,оо денари
- Општина Градско – 323.300,оо денари
- Општина Лозово – 226.400,оо денари
- Општина Росоман – 379.600,оо денари

**Член 2**

Овој Анекс бр.1 на Договорот влегува во сила со денот на потпишување од страна на сите договорни страни.

**Член 3**

Овој Анекс бр.1 на Договор е составен во 12 (дванаесет) еднообразни примероци од кои по 1 за секоја договорна страна и 3 за службени потреби. По потпишувањето да се состави и прочистен текст на Договорот.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**Општина Росоман,** Градоначалник Ѓорѓи Крстевски ____________

**Општина Велес** Градоначалник Марко Колев ____________

**Општина Кавадарци** Градоначалник д-р Митко Јанчев ____________

**Општина Неготино** Градоначалник Марија Нацева ____________

**Општина Свети Николе** Градоначалник Дејан Владев ____________

**Општина Чашка** Градоначалник Суат Шаќиров ____________

**Општина Демир Капија** Градоначалник Наталија Димитриева ____________

**Општина Градско** Градоначалник Киро Нацков ____________

**Општина Лозово** Градоначалник Бошко Цветковски ____________

Врз основа на член 14 став 2 и член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ“БР.79/09), Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес, Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово со арх.бр.08-724/1.10 од 07.11.2023 година донесена од Совет на Општина Росоман, со арх.бр.25-4864/20 од 28.11.2023 година донесена од Совет на Општина Велес, со арх.бр.08-6666/22 од 14.11.2023 година донесена од Совет на Општина Кавадарци, со арх.бр.08-915/4 од 12.12.2023 година донесена од Совет на Општина Неготино, со арх.бр.0801-603 од 06.11.2023 година донесена од Совет на Општина Свети Николе, со арх.бр.08-1862/16 од 28.12.2023 година донесена од Совет на Општина Чашка, со арх.бр.08-774/14 од 10.11.2023 година донесена од Совет на Општина Демир Капија, со арх.бр.08-463/15 од 15.11.2023 година донесена од Совет на Општина Градско, и со арх.бр.0801-1683/1 од 15.11.2023 година донесена од Совет на Општина Лозово,

**ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ :**

**1.Општина Росоман**, со седиште на ул.„Пролетерска“ бр.1а Росоман со ЕДБ 4011004124371 и ЕМБС 6004458, претставувана од Градоначалникот на Општината Ѓорѓи Крстевски

**2.Општина Велес** со седиште на ул.“Панко Брашнар” бр.1 Велес, со ЕДБ 4004004117638 и ЕМБС 6017282, претставувана од Градоначалникот на Општината Марко Колев

**3.Општина Кавадарци** со седиште на "Плоштад Маршал Тито" бр.2 Кавадарци, со ЕДБ 4011004124215 и ЕМБС 5995965, претставувана од Градоначалникот на Општината д-р Митко Јанчев

**4.Општина Неготино** со седиште на ул,,Ацо Аџи Илов ,, бр.2 во Неготино со ЕДБ 4019004110525 и ЕМБС 6021778, претставувана од Градоначалникот на Општината д-р Марија Нацева

**5.Општина Свети Николе** со седиште на “Плоштад Илинден” бб Кавадарци, со ЕДБ 4025005108702 и ЕМБС 55996830, претставувана од Градоначалникот на Општината Дејан Владев

6. **Општина Чашка** со седиште на ул.,,Илинденска” бр.8 Чашка со ЕДБ 4004004117654 и ЕМБС 6008488, претставувана од Градоначалникот на Општината Суат Шаќиров

7. **Општина Демир Капија**, со седиште на "11ти Октомври" бб Демир Капија, со ЕДБ 4019004110290 и ЕМБС 6000851, претставувана од Градоначалникот на Општината Наталија Димитриева

8. **Општина Градско**, со седиште на ул.,,Маршал Тито" бр.70-А Градско, со ЕДБ 4004004117487 и ЕМБС 6003796, претставувана од Градоначалникот на Општината Киро Нацков

9. **Општина Лозово**, со седиште на ул.,,Маршал Тито" бб Лозово, со ЕДБ 4025005108710 и ЕМБС6008976, претставувана од Градоначалникот на Општината Бошко Цветковски

го склучија следниот,

**Д О Г О В О Р**

**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу договорните страни преку основање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР –ШЕПА Кавадарци (пречистен текст)**

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу договорните страни преку основање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР –

ШЕПА Кавадарци согласно член 18 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ"БР.79/09).

**Член 2**

За воспоставувањето на меѓуопштинската соработка, Договорните страни преку Советите на општините потписнички донесоа Одлуки со кои се утврди потребата од меѓуопштинска соработка преку основање заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство за вршење на дејност од јавен интерес од областа на хуман третман, заштита и благосостојба на животните на територијата на гореспоменатите општини.

**Член 3**

Целта на воспоставената меѓуопштинска соработка е основање на заедничко јавно претпријатие заради згрижување на бездомните милинеци и ветеринарно здравство, хуман третман, заштита и благосостојба на животните на територијата на гореспоменатите општини

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ**

**Член 4**

Страните на овој договор ќе ги спроведуваат своите обврски во согласност со Закон и Одлуката на Советите на општините за основање на Заедничкото јавно претпријатие и ќе ја зајакнат работата на претпријатието со превземање на мерки за справување со било какви проблеми кои би произлегле од функционирањето и работата на ЗЈП СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци.

**Член 5**

За воспоставената меѓуопштинска соработка секоја општина потписничка на овој договор има обврска да исплаќа поединечен надомест кој што се однесува на фиксни оперативни трошоци кој што ќе се врши квартално на секои 3 месеци. Средствата за секоја општина се утврдува согласно бројот на жители,односно врз основа на Одлука за измена на Одлуката за избор на модел за управување со Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство бр. 02-148/7 од 24.12.2025 година донесена од страна на Совет за развој на Вардарски плански регион со што на годишно ниво изнесуваат:

- Општина Велес - 4.846.300,оо денари
- Опшина Кавадарци – 3.573.300,оо денари
- Општина Неготино – 1.819.400,оо денари
- Општина Свети Николе – 1.532.000,оо денари
- Општина Демир Капија – 377.700,оо денари
- Општина Чашка – 794.200,оо денари
- Општина Градско – 323.300,оо денари
- Општина Лозово – 226.400,оо денари
- Општина Росоман – 379.600,оо денари

**Член 6**

Со овој Договор договорните страни превземаат обврска во рок од 30 дена од уписот на ЗЈП во Централен регистар да склучат посебни договори (помеѓу општините – договорните страни на овој договор и ЗЈП СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци) со кои ќе се регулираат меѓусебните права и обврски.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 7**

Измени и дополнувања на одредбите од овој Договор за прашања кои не се предвидени со овој Договор, а може дополнително да произлезат од тековното работење, ќе се уредат со Измени на овој Договор.

**Член 8**

Овој договор не може да биде раскинат во првите 5 (пет) години од склучување на истиот.

**Член 9**

За евентуално непочитување на одредбите од овој Договор, договорните страни се согласија да ги решаваат спогодбено со меѓусебно договарање, во духот на добрите деловни обичаи.

Во случај на спор по овој Договор, настанат помеѓу договорните страни, доколку спорот не се разреши меѓусебно, месно надлежен е Основниот суд во Кавадарци.

**Член 10**

Овој договор влегува во сила со денот на потпишување од страна на сите договорни страни.

**Член 11**

Овој договор е составен во 12 (дванаесет) еднообразни примероци од кои по 1 за секоја договорна страна и 3 за службени потреби.

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**Општина Росоман,** Градоначалник Ѓорѓи Крстевски ____________________

**Општина Велес** Градоначалник Марко Колев ____________________

**Општина Кавадарци** Градоначалник д-р Митко Јанчев ____________________

**Општина Неготино** Градоначалник Марија Нацева ____________________

**Општина Свети Николе** Градоначалник Дејан Владев ____________________

**Општина Чашка** Градоначалник Суат Шаќиров ____________________

**Општина Демир Капија** Градоначалник Наталија Димитриева ____________________

**Општина Градско** Градоначалник Киро Нацков ____________________

**Општина Лозово** Градоначалник Бошко Цветковски ____________________

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-28/3
27.01 2023 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 9 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник Службен весник на РСМ бр. 24/2021 и 174/21), член 3 став 1 алинеја 13 од Деловникот за работа на Советот за развој на Вардарски плански регион, Советот за развој на Вардарски плански регион, на седницата одржана на ден 27.01.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**

за избор на модел за управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство, негово идно работење и начинот на финансирање

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува модел за управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство, негово идно работење и начинот на финансирање, кое што ќе биде формирано од локалните самоуправи,Јавно претпријатие, со органи на претпријатиети: управен и надзорен со членови од деветте општини од Вардарскиот регион, чии права, обврски и надлежности би биле регулирани со меѓусебен договор и соодветни правни акти.

**Член 2**

Додека пак за моделот на финансирање на идните оперативни трошоци, односно постигнување финансиска одржливост на натамошното функционирање на Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство, ќе биде остварено од страна на деветте општини од Вардарскиот регион. Истите ќе ги обезбедат потребните средства за идните оперативни трошоци, согласно бројот на жители за секоја општина, што несомнено е во нивни заеднички интерес.

**Член 3**

Секоја од општините ќе исплаќа поединечен надомест кој што се однесува на фиксни оперативни трошоци, кој што ќе се врши квартално на секои три месеци.

Средствата за секоја општина се утврдува согласно бројот на жители, односно врз основа на Модел за управување и организациона поставеност на прифатилиштата на регионално ниво дел. бр.08-19/3 од 17.01.2023 година, со што на годишно ниво би изнесувала:

- Општина Велес – 2.096.025,00 денари;
- Општина Кавадарци – 1.545.452,00 денари;
- Општина Неготино – 786.891,00 денари;
- Општина Свети Николе – 662.590,00 денари;
- Општина – Демир Капија – 163.355,00 денари;
- Општина – Чашка – 343.492,00 денари;
- Општина Градско – 139.827,00 денари;
- Општина Лозово – 97.918,00 денари;
- Општина Росоман – 164.177,00 денари.

**Член 4**

За променливите оперативни трошоци согласно Моделот за управување и организационата поставеност на прифатилиштата на регионално ниво дел бр.08-19/3 од 17.01.2023 година Јавното претпријатие ќе доставува фактура по заловено куче до секоја од општините од Вардарскиот регион.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила нареден ден од денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од датумот кога ќе започне со работа Регионалниот центар.

Совет за развој на Вардарски плански регион
Претседател
Дејан Владев

Центар за развој на Вардарски плански регион ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВЕЛЕС

Советот на Општината Велес, на седница одржана на 27.11.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за основање на заедничко јавно претпријатие**
**Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука советите на Општините Велес, Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Демир Капија, Чашка, Градско, Лозово и Росоман, основаат заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство за вршење на дејност од јавен интерес од областа на хуман третман, заштита и благосостојба на животните на територијата на гореспоменатите општини.

**Член 2**

Заедничкото јавно претпријатие е со назив ,,**Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци**" со седиште во Општина Кавадарци на ул. „Смаилица" бр. 71 Кавадарци.

Скратен назив на претпријатието е: ЗЈП СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци.

**Член 3**

Основната дејност на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци ќе биде:

**01.49 – Одгледување на други животни**

Во функција на основната дејност ќе врши и други дејности:

-75.00 – Ветеринарни дејности
-01.62 - Помошни дејности за одгледување на животни
-96.09 - Останати лично услужни дејности,неспомнати на друго место

**Член 4**

Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци се организира така што дејноста заради која е основано ја врши на начин со кој се обезбедува:

1. Техничко-технолошко и економско единство на системот
2. Ефикасност и транспарентност во работењето
3. Развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот стопански развој
4. Заштита и унапредување на добрата од општ интерес
5. Трајно уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на производи и услуги и
6. Самостојност и еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

**Член 5**

Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци се организира како единствено јавно претпријатие и дејностите набројани во Членот 3 на оваа Одлука ќе ги извршува на територијата на сите општини основачи на претпријатието.

**Член 6**

Одлуките на органите на претпријатието ЈЗП СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци ќе се спроведуваат на единствен начин за основачите.

**Член 7**

Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци за обврските спрема трети лица превземени во свое име и за своја сметка, одговара со целиот свој имот.

**Член 8**

Финансирањето на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци ќе се врши:

- Од остварени сопствени приходи на претпријатието
- Од Буџетите на општините основачи на заедничкото претпријатие СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци на начин што секоја од општините ќе исплаќа поединечен надомест кој што се однесува на фиксни оперативни трошоци кој што ќе се врши квартално на секои 3 месеци. Средствата за секоја општина се утврдува согласно бројот на жители, односно врз основа на Модел за управување и организациона поставеност на прифатилиштето на регионално ниво дел. бр. 08-19/3 од 17.01.2023 и одлука за избор на модел за управување со Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство бр. 02-28/3 од 27.01.2023 донесени од страна на Совет за развој на Вардарски плански регион со што на годишно ниво би инесувале:
  - Општина Велес - 2.096.025,оо денари
  - Опшина Кавадарци – 1.545.452,оо денари
  - Општина Неготино – 786.891,оо денари
  - Општина Свети Николе – 662.590,оо денари
  - Општина Демир Капија – 163.355,оо денари
  - Општина Чашка – 343.492,оо денари
  - Општина Градско – 139.827,оо денари
  - Општина Лозово – 97.918,оо денари
  - Општина Росоман – 164.177,оо денари
- Од донации и спонзорства и
- Од други извори на приходи

Општините основачи со посебни одлуки во зависност од потребата на претпријатието ќе отстапат на користење имот и опрема за работата на истото.

**Член 9**

За лице кое ќе ги врши работите на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР -ШЕПА Кавадарци до негово конституирање и назначување на директор на истото се именува Стефанија Стоева од Кавадарци.

**Член 10**

Органи на управување на претпријатието ќе бидат Директор, Управен одбор и Одбор за контрола на материјално-финанското работење - Надзорен одбор.

Управниот одбор се состои од 7 (седум) членови кои ги именуваат и разрешуваат советите на општините кои го основаат заедничкото јавно претпријатие и тоа на начин што советите на општините Велес, Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Росоман и Демир Капија именуваат по еден член.

Советот на секоја од општините може да го разреши само членот на Управниот одбор кој самиот го именувал.

Постапката за именување и разрешување на членовите на Управниот одбор се врши согласно одредбите во Законот за јавните претпријатија.

**Член 11**

Одборот за вршење на контрола на материјално-финансиското работење-Надзорен Одбор на заедничкото јавно претпријатие се состои од 3 (три) члена кои ги именуваат и разрешуваат советите на општините кои го основаат на начин што Општините Лозово, Градско и Велес именуваат по 1 (еден) член.

Советот на секоја од општините може да го разреши само членот на Одборот за вршење на контрола на материјално-финансиското работење на заедничкото јавно претпријатие кој самиот го именувал.

Постапката за именување и разрешување на членовите на Надзорниот одбор се врши согласно одредбите во Законот за јавните претпријатија.

**Член 12**

Со работата на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци раководи Директор.

Директорот се избира по пат на јавен оглас во согласност со Законот за јавни претпријатија а изборот го врши градоначалникот на општината на чие подрачје е седиштето на ЗЈП СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци, со претходна согласност на останатите градоначалници на општините основачи.

Вршител на должноста Директор до избор на Директор именува градоначалникот на чие подрачје е седиштето ЗЈП на ист начин како што се избира и Директор согласно став 2 од овој член.

Одлуките на градоначалниците на општините основачи на заедничкото јавно претпријатие за распишување на јавен оглас, за избор и разрешување на Директор и за именување и разрешување на Вршител на должност Директор во име на сите градоначалници ги потпишува Градоначалникот на Општина Кавадарци.

**Член 13**

Рокот за донесување на Статутот и именувањето на органите на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци е 90 дена од денот на уписот во Централен регистар на РСМ.

**Член 14**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на општина Велес.

Број 25-4864/21
28.11.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Бр.646**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 09/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за именување на членови на Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес, Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово**

Се објавува Решението за именување на членови на Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес, Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.11.2023 година.

Број 08-4888/21
29.11.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 14 став 3, член 50 став 1 точка 6 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа(„Сл. весник на РМ" бр. 05/02), а во врска со член 8 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл. весник на РМ." бр.79/09) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општината Велес, на седница оддржана на 27.11.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување на членови на Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес, Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово**